Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506-23/2
19.5.2026, Скопје

За потребите на проектот „Иницијатива за административна социјална правда", финансиран од Европската Унија во рамки на NDICI-THE-NEAR /2024/461-234, врз основа на Договор за грант меѓу ЕУ и Институтот за човекови права бр. 0307-65/1 од 26.11.2024 година (во понатамошниот текст: Договор за грант), проектниот тим на Институтот за човекови права испраќа:

ПРОЕКТНА ЗАДАЧА 14/2026

за ангажирање на обучувачи за три обуки за студенти

I. НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ

„Иницијатива за административна социјална правда"

II. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЗАДАЧАТА

Број на предвидени работни денови по обучувач: од 3 до 9
Почеток на задачата: јуни 2026
Крај на задачата: ноември 2026
Место: Охрид, Тетово, Штип

III. ПОЗАДИНА

Општата цел на проектот „Иницијатива за административна социјална правда" е да се подобри пристапот до социјалната правда во административни процедури, особено за маргинализираните граѓани. Специфичните цели на проектот се:

1. Да се поддржи собирањето податоци засновано на докази за да се овозможат подобри политики кои ги штитат социјалните права во управните постапки;
2. Да се охрабрат маргинализираните заедници да ги заштитуваат своите социјални права во административните постапки,
3. Да се зголеми знаењето кај различните засегнати страни за меѓународните стандарди од областа на управните постапки за постигнување на социјална правда.

Проектот е финансиран од ЕУ, во рамки на NDICI-THE-NEAR /2024/461-234 програмата за човекови права и демократија и се спроведува од јануари 2025 година до декември 2026 година.

Институтот за човекови права (ИЧП) е главниот спроведувач на проектот и е здружение на граѓани лоцирано во Скопје, основано во 2009г. со цел промовирање, унапредување и заштитата на човековите права и слободи преку континуирана едукација на професионалната јавност и анализа на состојбите, организирање на стручни дискусии во рамките на правната

професија и дискусии за општата јавност со цел зајакнување на капацитетите и механизмите за промовирање, гарантирање и заштита на човековите слободи и права. ИЧП ги остварува своите активности во соработка со државни органи и институции, граѓански организации од земјата како и регионални и меѓународни институции и организации од областа на заштитата на човековите права.

IV. ЦЕЛ НА ЗАДАЧАТА

Генералната цел на задачата е спроведување на три три-дневни обуки за студенти од правните факултети во Скопје, Битола, Тетово и Штип. Темата на обуките е административна социјална правда. Конкретната цел на задачата е да се ангажираат обучувачи кои имаат искуство со административно право и социјална правда, кои би ги спровеле обуките за студентите.

Предвидено е да се реализираат три обуки на тема административна социјална правда. Една обука ќе се реализира во Охрид со студенти од Правен факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ и Правен факултет при УКЛО – Битола, една во Тетово со студенти од Правниот факултет при Универзитет на Југоисточна Европа и една во Штип со студенти од Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Времетраењето на обуките е 3 дена и за секоја обука ќе бидат ангажирани по четворица обучувачи.

	Обука 1	**Обука 2**	**Обука 3**
Учесници	студенти од Правен факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ и Правен факултет при УКЛО – Битола	студенти од Правниот факултет при Универзитет на Југоисточна Европа	студенти од Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
Место на реализација	Охрид	Тетово	Штип
Број на обучувачи	4	4	4
Времетраење	3 дена	3 дена	3 дена
Прелиминарен датум	јуни/јули	септември/октомври	септември/октомври

За реализација на оваа активност, Институтот за човекови права има изготвено модули за обуки за административна социјална правда кои опфаќаат општ дел на административна и социјална правда, вклучително и национални и меѓународни стандарди, управна постапка и управни спорови. Задачата на обучувачите ќе биде да се запознаат со овие модули, да креираат презентации врз база на предлог презентациите, да додадат практични вежби и

студии на случај, и да ја спроведат обуката. Модулите ќе им бидат доставени на избраните обучувачи.

Задачи и обврски:
Предвидено е секоја обука да биде спроведувана од четворица обучувачи. Тие треба да го предадат материјалот од модулите, да спроведат практични вежби и да ја водат дискусијата. Во координација со проектниот координатор и тимот на ИЧП, и во меѓусебна соработка, обучувачите ќе:

1. Се запознаат со модулите подготвени од ИЧП;
2. Придонесат кон подготовка на детална програмата за обуката во согласност со модулите;
3. Подготват материјали за обуката во согласност со модулите (пр. презентација, вежби, задачи, активности, итн.);
4. Го спроведат нивниот дел од обуката.

Работата ќе се смета за финална само откако ќе биде одобрена од ИЧП.

V. БАЗА НА ОБУЧУВАЧИ (POOLING)

Институтот за човекови права бара даватели на услуги (обучувачи) за потребите на проектната задача кои имаат искуство во областа на административна социјална правда. Оваа тендерска постапка има за цел да избере до 12 даватели на услуги (обучувачи) за поддршка на спроведувањето на проектот и активноста.

Понудувачите ќе бидат рангирани според нивната понуда и секој понудувач кој ги исполнува условите на оваа проектна задача ќе биде избран да биде дел од базата на обучувачи.

Откако ќе заврши процедурата за избор на обучувачи, секој понудувач ќе биде соодветно информиран дали е избран да биде дел од базата на обучувачи за спроведување на оваа активност.

Пред секоја поединечна обука, ИЧП ќе ги контактира оние понудувачи од базата на обучувачи кои нудат најдобра вредност за конкретната обука, врз база на следните критериуми:

- Квалитет (способност, експертиза, претходни резултати, достапност на ресурси и предложени методи за извршување на работата и други релевантни критериуми);
- Достапност (вклучувајќи и, каде што е релевантно, географска локација); и
- Цена.

Доколку давателот на услуги (обучувачот) не е во можност да ја прифати задачата или доколку не испрати одговор во наведениот рок, ИЧП може да контактира друг обучувач од базата, применувајќи ги истите критериуми, сè додека не се ангажира соодветен обучувач.

VI. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Плаќањето ќе биде извршено по реализација на секоја обука. Персоналниот данок паѓа на товар на ИЧП.

VII. ЛОГИСТИКА

За спроведување на активностите, од страна на проектниот тим на ИЧП ќе биде обезбедена следнава поддршка:

- ИЧП проектен координатор – достапен во текот на целата мисија;
- Во функција на успешно извршување на задачата, на обучувачите ќе им биде ставена на располагање сета потребната документација со која располага ИЧП.

Обучувачите ќе работат во координација и под директен надзор на проектниот координатор и, по потреба, со поддршка од проектниот тим. Тие ќе бидат во редовна комуникација со проектниот координатор во канцеларијата на ИЧП или преку е-маил. Целата комуникација и материјалите ќе треба да бидат подготвени на македонски јазик. Материјалните и другите права на обучувачот за нарачаното дело се пренесуваат на ИЧП (вклучувајќи и без ограничување права на дистрибуција, печатење и копирање на делото) со јасно наведување на авторството.

VIII. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЗАДАЧАТА

Услугите треба да се испорачаат во период од **јуни до ноември 2026 година**. Точните датуми за одржување на секоја поединечна обука ќе бидат дополнително утврдени.

IX. МЕСТО НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧАТА И ПАТУВАЊЕ

Местото на извршување на задачите ќе биде во Охрид, Тетово и Штип. Патните трошоци кои ќе произлезат од извршувањето на задачата, ќе бидат соодветно покриени од ИЧП.

X. ВЕШТИНИ

- Развиени интерперсонални и комуникациски вештини, способност за тимска работа.
- Способности за аналитичко размислување.
- Добра организација на времето и исполнување на поставените рокови.
- Искуство во подготовка на анализи, истражувања и трудови во областите на административно право или социјални права.
- Познавање на националниот и меѓународниот правен и институционален контекст.

XI. КВАЛИФИКАЦИИ НА ОБУЧУВАЧИТЕ

Образование

- Минимум завршени студии од прв циклус на високо образование во област на правото, политички науки, јавна администрација или други релевантни области за активноста.

Искуство

- Најмалку 5 години работно искуство во областа на административно-правна материја и/или социјална правда.
- Најмалку 2 години искуство како предавач или обучувач на теми во области релевантни за проектната задача (административно право и/или социјална правда).

XII. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

Изборот на понудувачите ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда. Договор ќе се склучи со понудувачот чија понуда:
а) Е соодветна и прифатлива и
б) Ќе освои најголем број на поени согласно следниве критериуми:

- Квалитативни критериуми: 70%
- Финансиска понуда: 30%

За **финансиската евалуација** ќе се земат предвид само понудувачите кои ќе добијат минимум 49 поени во квалитативната евалуација.

За одредување на бодовите на финансиската понуда ќе се користи следнава формула:
број на бодови = (најниска понудена цена x максимален број на бодови) / цена на понудата

Квалитативна евалуација:

Критериуми	**Максимум поени** **70**
Образование Студии од прв циклус = 15 поени Студии од втор циклус = 18 поени Студии од трет циклус = 20 поени	20
Искуство – административно право 5 години = 20 поени Од 6 до 10 години = 25 поени	30

Повеќе од 10 години = 30 поени	
Искуство како предавач или обучувач 2 години = 14 поени Од 3 до 6 години = 18 поени Повеќе од 7 години = 20 поени	20

XIII. ДОКУМЕНТИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПОДНЕСАТ

Заинтересираните понудувачи се поканети да ги достават следните документи:

- CV со фокус на потребната квалификација и искуство; и
- Финансиска понуда во следниот формат:

Опис на услугата	**Цена во бруто износ (МКД или ЕУР)**	**Праг на исклучување**
Еден експертски ден		150 ЕУР